**Инфо билтен – ноември 2023**



**Повици**

Учествувај во јавниот конкурс на тема: „Одржливи практики во домаќинството кои ги користиш во секојдневниот живот за намалување на јаглеродниот отпечаток” кој ќе започне на 11 декември 2023 со времетраење до 22 јануари 2024 година, преку испраќање на кратко видео или слика со краток опис за одржливите практики кои ги користиш во домаќинството на www.zaednozaklimatskaakcija.mk и добиј една од петте вредни парични награди!

Еко-свест во рамки на проектот „БИТОЛА БЕЗ ЈАГЛЕН“ објавува повик за продукција и реализација на театарска претстава, која реално ќе ги претстави еколошките проблеми од термоцентралите на фосилни горива и ќе иницира локална и национална дебата за иднината на регионот без употреба на јагленот. Краен рок за пријавување е среда, 20 декември 2023 година, до 12:00 часот.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Данокот на јаглерод, како механизам за финансирање на мерките и активностите за климатска акција, испраќа порака до секторите кои емитуваат емисии на јаглерод како енергетиката, цементната индустрија и металургијата, дека мораат да ги забрзаат напорите кон транзиција на чисти технологии, меѓутоа и порака до граѓаните дека и големите загадувачи и физичките лица ги споделуваат истите обврски за постигнување на климатските цели. Но, зошто доцниме со воспоставување на овој механизам?

Сторија за локална климатска акција во Зелената комуна во Белица. Зелената комуна претставува модел за селска заедница на самоодрживо и еколошки свесно село, посветено на заштита на животната средина, преку одржливо користење на природните ресурси, обновливите извори на енергија како и промоција на културното наследство и природното богатство.

Погледнете ги 10-те онлајн видеа и разгледајте ја соодветната публикација со совети и насоки за граѓански организации за различни законски одредби од најрелевантните закони кои се опфатени во видеата.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Доколку имате потреба од помош и поддршка за изготвување писмено мислење или коментар, можете да се обратите до МЗМП преку формуларот на следниот линк.

**Енергија**

Дали во последниот Извештај за напредокот на Македонија на нејзиниот пат кон ЕУ, Европската комисија испраќа различни и неусогласени пораки до нашата Влада за употребата на т.н. „природен“ гас (фосилен е)? Оценете сами.

Ставот на Еко-свест за Извештајот за напредокот на Македонија, за областите енергија, клима и природа.

Дали знаете што мислат обучните граѓани за природниот (не, фосилниот) гас? Некои одговори може да ве изненадат. Прочитајте ги одговорите.

Започнуваме со прикажување на серијал во кој ќе зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција и ќе покриеме различни аспекти кои се важни за подобро

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Следете не на ТВ Телма секој петок во утринската програма во 9:30 и на официјалниот канал на You Tube на Еко-свест.

**Води**

Советот на Општина Демир Капија неодамна усвои одлука за отпочнување на иницијатива за репрогласување на Демиркаписката клисура за заштитено подрачје. Одлична вест.

### Заштита на природа

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на електронската платформа ЕНЕР известува за почеток на процесот за подготовка на Закон за шумите. И тука може да се даваат коментари.

### Еко-свест Вевчани

Локалната канцеларија на Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**Активно граѓанство**

По објавувањето на Извештајот за напредокот на Македонија кон ЕУ, Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест го објавува својот став и коментари по избрани делови од овој извештај. Поконкретно, дава свое мислење за Поглавјето Енергетика и избрани делови од Поглавјето Животна средина.

**Публикации**

Зошто не треба да се чепка обработливото земјиште од највисока класа за изградба на енергетски објекти? Затоа што има доволно деградирани и неупотребливи површини ширум Македонија како локации за соларни и ветерни централи. Прочитајте ја деталната анализа.

Прирачник за заштита на укажувачи на Државната комисија за спречување на корупција. Секогаш актуелна тема.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**Медиуми**

Фотонапонски централи и ветерници ќе може да се градат и на најдоброто земјоделско земјиште во Македонија со Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште.

И Здружението на енергетичари на Македонија – ЗЕМАК се произнесе негативно за одлуките кои се носат во врска со ПАХЕЦ Чебрен.

А распродажбите продолжуваат. На мета е и операторот МЕПСО.

**Разно**

Ако од сите силни заложби за заштита и соодветно управување на Охридското езеро сте ја пропуштиле веста дека во Поградец во јули 2024 година се планира акватрка на пловни објекти, погледнете ја најавата. Истрауматизираните риби е можно да се скријат во Трпејца.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП

CNVP Building a Greener Economic Environment